Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.19-5228/1
5.11.2009 година
Скопје

09 -11- 2009
07 4654/1

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, член 184, став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 41, став 3 од Законот за одбрана, Владата Ви поднесува Предлог-одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан, што ја утврди на седницата одржана на 3.11.2009 година, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Коњановски, министер за одбрана и Емил Димитриев, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Петар Есмеров, државен секретар во Министерството за одбрана и полк. Љубе Дукоски, директор за политика и планирање, финансии и меѓународни прашања.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Абдилаќим Адеми**

Подготвил:Сузана Пољоска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

цб/

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Зоран Коњановски, министер за одбрана
и
Емил Димитриев, заменик на министерот за одбрана

ПОВЕРЕНИЦИ: Петар Есмеров, државен секретар во Министерството за одбрана
и
полк. Љубе Дукоски, директор за политика и планирање, финансии и меѓународни прашања

# ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА

## за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан

Скопје, ноември 2009 година

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија„ бр.42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на ден ____ _____ 2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан**

1. За учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан, се испраќаат 79 припадници на Армијата на Република Македонија од кои 32 припадници на ренџерскиот баталјон, 32 припадици на баталјонот на Воена полиција, седум штабни офицери и осум припадници на полкот за специјални операции за обезбедување на високи личности.

2. Припадниците на Армијата на Република Македонија од точката 1 на оваа одлука, се испраќаат за период од девет месеца, сметано од месец февруари 2010 година.

3. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на учесниците во мировната операција од точката 1 на оваа одлука ги обезбедуваат Соединетите Американски Држави.

4. Подготовките и организацијата на учесниците во мировната операција, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

бр.__________
_________ 2009 година

**ПРЕДСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***Трајко Вељаноски***

# О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан, е членот 41 став 3 од Законот за одбрана „(Службен весник на Република Македонија", бр.42/2001 и 5/2003, 58/2006 и 110/2008), според кој, одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Републиката за учество во мировни операции, донесува Собранието на Република Македонија.

Како резултат на успешната билатерална соработка помеѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави, пред се во областа на зедничкото учество во состав на Коалционите сили во мировната операција „Слобода за Ирак", а во насока на продолжување на доприносот на Република Македонија кон Коалиционите сили предводени од САД во Авганистан во мисијата Комбинирано здружени сили за задача - Феникс 10 (Task Force Phoenix X), од страна на Командантот на Националната Гарда на Вермонт, генерал мајор Мајкл Дуби до Министерството за одбрана на Република Македонија, доставено е барање за заедничко учество во мировната операција во Авганистан.

Основната задача на Коалиционите сили предводени од САД во Авганистан во мисијата Комбинирано здружени сили за заедничка задача Феникс 10 (Task Force Phoenix X) е менторирање на Авганистанската Национална Армија и Авганистанската Цивилна Полиција во Регионалната Команда Исток.

Посочуваме дека конкретното ангажирање на персоналот на АРМ е со повисок степен на ризик во споредба со досегашното учество во мировите операции. Ова произлегува пред се од задачата на коалиционата единица која ќе дејствува во област со повисок степен на борбени дејствија.

За учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан, се испраќаат 79 припадници на Армијата на Република Македонија од кои 32 припадници на ренџерскиот баталјон, 32 припадици на баталјонот на Воена полиција, седум штабни офицери и осум припадници на полкот за специјални операции за обезбедување на високи личности.

Единиците од Армијата на Република Македонија ќе бидат ангажирани во составот на 86-тиот пешадиски бригаден борбен тим на Националната Гарда на Вермонт. Задачата на припадниците на Армијата на Република Македонија од водот на Воената Полиција ќе биде менторирање на цивилната полиција на Авганистан, додека пак задачата на припадниците на Армијата на Република Македонија од ренџерскиот баталјон ќе биде менторирање на извидувачките единици на Авганистанската Национална Армија.

Со придонесот на Република Македонија кон капацитите на Коалиционите сили во мировната операција во Авганистан, како и со актуелниот придонес во капацитетите на ИСАФ, Република Македонија во континуитет се потврдува како кредибилен партнер способен да одговори на идните предизвици како иден член на НАТО Алијансата.

Заедничкиот ангажман со САД дополнително ќе придонесе кон продлабочување и интензивирање на билатералната соработка.

Целокупната логистичка поддршка на припадниците на Армијата на Република Македонија ќе биде на товар на САД.

Припадниците на Армијата на Република Македонија се испраќаат за период од девет месеца, сметано од месец февруари 2010 година.

Во насока на успешни подготовки на македонската единица, во месец октомври/ноември 2009 година предвидена е предупатна обука во САД заедно со вооружените сили на САД. Припадниците на Армијата на Република Македонија на предупатната обука ќе носат и сопствено вооружување.

Врз основа на напред наведеното се предлага Собранието на Република македонија да ја донесе одлуката во предложениот текст.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** Предлог одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан. | **2. Министерство за одбрана** |
| **3. Цел на предлогот:** Донесување на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан, за период од девет месеци, сметано од месец февруари 2010 година. | **4. Вид на предлог:** Предлог - Одлука |
| **5. Контакт лице и звање:** Биљана Ефтимова - Раководител на Сектор за меѓународна соработка и Спасоја Дамјаноски - Раководител на Сектор за финансии | **6. Контакт телефон** 328 21 42<br>328 22 12 |

**7. Активност:**

**8. Вид на барање:** ( ) Регулатива во врска со ЕУ ( ) Нова програма ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми ( ) Друга нова регулатива ( ) Зголемување/намалување на постоечка програма ( ) Спојување на две или повеќе програми

**9. Цел на барањето/ предложената активност:** Донесување на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан, за период од девет месеци, сметано од месец февруари 2010 година.

**10. Врска со Владината програма:**

| **11. Фискални импликации:** (илјади денари) | **Теков. год 2009** | **Втора год. 2010** | **Трета год. 2011** | **Четврта год. 2012** |
|---|---|---|---|---|
| А.Вкупни трошоци за предлогот | | | | |
| Плати | 0,00 | 150.908,00 | 0,00 | 0,00 |
| Стоки и услуги | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Капитал | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трансфери | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 0,00 | 150.908,00 | 0,00 | 0,00 |
| Б.Одобрени средства за предлогот | | | | |
| Плати | 0,00 | 150.908,00 | 0,00 | 0,00 |
| Стоки и услуги | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Капитал | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трансфери | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 0,00 | 150.908,00 | 0,00 | 0,00 |
| Ц.Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А) | | | | |
| Плати | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Стоки и услуги | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Капитал | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трансфери | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Д. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 |
| Е.Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | <br><br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 |
| Ф. Зголемување/намалување на приходите | - | - | - | - |
| Г. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: ____________________________ | - | - | - | - |
| **12. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот** | - | - | - | - |
| **13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11Г)** | - | | | |
| **14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение** | | | | |
| **15. Дата на завршување на проценката** | 25.09.2009 | | | |
| **16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:** | | | | |
| **17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:** | | | | |
| **18. Измени побарани од Министерството за финансии:** | | | | |
| **19. Одговор на министерството-предлагач:** | | | | |
| **20. Одговор од Министерството за финансии:** | | | | |
| **21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:** | | | | |

**22. Одобрено/Дата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ____________ | ___/___/___ | ____________ | ___/___ |
| Потпис на државен секретар или директор на орган | ден /месец/год. | Потпис на министерот | ден/месец/год |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ НА МО:**

За учество во мировната операција "Enduring Freedom" во Авганистан, се испраќаат 79 припадници на Армијата на Република Македонија од кои 32 припадници на ренџерскиот баталјон, 32 припадници на баталјонот на Воената полоција, седум штабни офицери и осум припадници на Полкот за специјални операции за обезбедување на високи личности.

Припадниците на Армијата на Република Македонија се испраќаат за период од девет месеци, сметано од месец февруари 2010 година.

Целокупната логистичка поддршка на припадниците на Армијата на Република Македонија ќе биде на товар на САД.

Трошоците кои се на товар на МО **изнесуваат 150.907.778 денари** и истите се однесуваат на плати и надоместоци на плати за 79 лица за период од девет месеци.

**Напомена:** Средствата за 2010 година се планирани и ќе бидат обезбедени во буџетот на МО за 2010 година, од сметката 637, во подпрограма 30-Мировни и хуманитарни мисии, на ставка 426 – Други тековни расходи – износ од 150.907.778 денари.